# ЖИВОТОТ НА ХРИСТОС

## четврт дел

---

Оригинален текст: Катерина Хершеј
Адаптиран за Европа: Џенифер Хааијер

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Текстот е отпечатен од страна на
European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck
Switzerland

Copyright © 1993 Child Evangelism Fellowship. Сите права се задржани. Употребено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

**СОДРЖИНА**

Забелешка: првите три дела од оваа серија ги сдржат лекциите од 1-18.

**ЛЕКЦИЈА** **страница**


| | | |
|---|---|---|
| 19 | Триумфалното влегување | 3 |
| 20 | Горната соба и градината | 7 |
| 21 | Судењето | 12 |
| 22 | Распнувањето | 17 |
| 23 | Воскреснувањето | 22 |
| 24 | Вознесувањето | 27 |


## ВОВЕД

Една третина од описот на Евангелијата е посветен на седмицата и случките во неа што кулминираа со Христовата смрт и Воскресение. Зошто? Бидејќи ова е сржта на пораката на спасението. Шесте лекции во оваа серија Го претставуваат Кој е Господ Исус Христос, што направил Тој и како денес може да ги спасува момчињата и девојчињата. Молете се со нас за преку нив, не само животите на децата да бидат променети, туку да се променат и нашите животи како учители.

**Преглед на лекциите**

На почеток на секоја лекција е даден кус преглед на истата. Во него се нагласени местата каде што се поучува или применува централната вистина (ЦВ). Н- значи примена за неспасено дете; С- значи примена за спасено. Добра идеја е да се напише централната вистина на парче хартија или картон и да се постави на фланелографот, додека се поучува лекцијата.

**Да се биде подготвен за разговор со децата**

Како резултат на вашето поучување, некои деца можеби ќе имаат прашања за тоа како да се спасат. Кажете им дека сте подготвени да им помогнете и кажете им што треба да направат ако сакаат да ја исползуваат таа помош. Во некои лекции имаме опфатено како да се направи тоа.

Меѓутоа, вие можете да им кажете на децата дека сте подготвени да разговарате со нив и на друго место во програмата, надвор од библиската лекција. Следното е пример за тоа што можете да кажете:

"Ако Господ Исус не живее во твојот живот како твој личен Господ и Спасител, можеш да Го замолиш да Го направи тоа уште денес. Ако по библиската лекција, сè уште не знаеш што треба да направиш, јас сум подготвен да ти објаснам повеќе за тоа. Откако другите ќе си заминат, остани на местото каде што си. Јас ќе знам дека сакаш да разговараш со мене лично за тоа како може Господ Исус да влезе во твојот живот и да стане твој Господ и Спасител. Затоа те молам, остани по часот, ако сакаш да ти објаснам повеќе за тоа."

На крајот на овој прирачник ќе најдете неколку корисни совети за советување дете кое сака да дојде кај Христос.

Се разбира, треба да сте достапни да им помогнете и на спасените деца кои имаат прашања во врска со христијанскиот живот. Следниот пример ве поучува што треба да кажете, за новороденото дете да знае како да добие помош и советување од вас лично:

"Ако овде има момче или девојче кое е веќе спасено, но има проблеми или прашања за христијанскиот живот и сака да разговара со мене, тогаш по состанокот, дојдете кај мене и кажете ми: "Јас имам проблем за кој сакам да позборуваме". Ако сакаш да разговаш со мене, јас ќе стојам покрај фланелографот."

## Лекција 19

**Триумфалното влегување**

**Библиски текст:** Матеј 21:1-16; Марко 11:1-10; Лука 19:29-40; Јован 12:12-19.

**Централна вистина:** Исус Христос е Цар.

**Примена:** *за неспасени деца:* верувај во Него да те ослободи од власта на Сатаната и да биде твој цар; *за спасени деца:* слави Го Исус.

**Почеток:** Илустрација со принц, замок и затвореници - ЦВН.

**Развој на настаните:**

1. Исус праќа ученици да најдат осле
2. Го носат ослето кај Исус
3. Исус го јава- ЦВ
4. Толпата народ ги фрла своите наметки, вика "слава", мавта со палмови гранки - ЦВН
5. Религиозните водачи се лути
6. Исус рече: "Ако луѓето замолкнат, камењата ќе проговорат"- ЦВС
7. Исус плаче над Ерусалим
8. Исус влегува во храмот
9. Лекува болни
10. Децата го слават Исус - ЦВС
11. Претскажувањето на Захарија за триумфалното влегување - ЦВН

**Стих за напамет:** *А за Синот рече: "Твојот престол, Боже, е вечен", и "жезалот на правдата е жезал на царството Твое" (Евреите 1:8).*

**Визуелни помагала**

Направете силуета на замок, користејќи го предложениот шаблон. Направете пергамент *(свиток)* користејќи го шаблонот и запишете ги следните зборови на него: *"Ликувај од радост, ќерко Сионова, извикувај, ќерко ерусалимска; ете, Царот твој доаѓа при тебе, праведен и со спасувачка сила, кроток, седнат на осле, рожба на ослицата" (Захарија 9:9).*

*(Поставете ја силуетата на замокот)*

Злобниот принц имаше многу заробеници. Секој правеше како што ќе му нaредеше принцот. Често пати принцот им кажуваше колку се тие среќни што му припаѓаат нему. Многу пати им ветуваше да им даде добри работи. Но тој воопшто не се грижеше за нив, туку се грижеше само за себе. Се расчу глас, дека еден ден ќе се случи страшна несреќа за принцот и неговите заробеници. Не можеа ли тие кутри заробеници да избегаат? Само некој што беше посилен од принцот можеше да ги ослободи - можеби некој посилен цар.

Што сакав да кажам со овој пример? Го опишував Сатаната. Во Библијата тој се нарекува принц. Секој чии гревови не се простени и кој сè повеќе и повеќе прави лоши работи е еден од неговите заробеници. Господ Исус рече: "*Секој што прави грев, роб му е на гревот*" *(Јован 8:34)*. Секој е роден во царството на Сатаната. Затоа лажете, се лутите, не ги слушате родителите, себични сте, имате лоши мисли и не сакате да слушате за Господ и да живеете за Него. Вие сте еден од сатанските заробеници. Вистина е дека на Сатаната и неговите заробеници ќе им се случи нешто страшно - тие ќе страдаат засекогаш казнети во пеколот. Потребен ни е некој посилен од Сатаната да нè спаси од нашиот грев - некој силен и добар Цар. Неколку денови пред да умре Господ Исус многу луѓе мис-леа дека Тој би бил добриот цар.

Што се случи?

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите 4С-216, 217, Исус и учениците)*

Господ Исус одеше кон Ерусалим. Тој точно знаеше што ќе се случи таму, но не се врати назад. Најмногу од сè сакаше да ја исполни волјата на Својот Татко. Имаше време да застане и да се види со пријателите во Витанија. Во недела на двајца од учениците им кажа:

"Одете во селоно што е наспроти вас, па штом ќе влезете во него ќе најдете врзана магарица и нејзиното осле. Тие ќе бидат близу до вратата, до раскрсницата. Одврзете ги и донесете ги кај мене."

Учениците веројатно се чудеа како да го направат тоа. Животните сигурно му припаѓаа на некој. Господ Исус ги знаеше нивните помисли. "Ако некој ве праша, 'што правите?', речете му: 'потребни му се на Господа и скоро ќе ги врати'. Потоа ќе ви дозволат да ги земете"- рече Исус.

Учениците тргнаа да ја извршат таа необична заповед!

**Сцена 2** *( поставете ги фигурите 4С-222, сопственикот на ослето, ослето и столбот, фигурите 4С-218 и 4С-219; кафена преѓа за јаже и столб; фигурите 4С-216 и 217 учениците)*

Се случи токму како што кажа Тој! Тие го најдоа младото магаре и почнаа да го одврзуваат. Некој ги запраша: "Што правите, зошто го одврзувате ослето?"

"Потребни му се на Господа и набргу ќе ги врати"- одговорија тие.

"О, тогаш можете да ги земете"- им беше кажано. Така тие го зедоа ослето и неговата мајка - магарица. Потребно беше да ја земат мајката магарица за нејзиното осле да дојде по нив. Библијата ни вели дека никој дотогаш не беше седнал на ослето.

**Сцена 3** *(поставете ги фигурите 4С-223, Исус и ослето; 4С-216 , 217, 221 учениците)*

Наскоро сите ученици беа повторно со Исус. Учениците ги соблекоа своите наметки, ги нафрлија врз ослето и направија еден вид седло. За големо чудо, Господ Исус седна на ослето кое никогаш порано не беше јавано. Нормално, младо осле не би сакало да има некој на грб. Ќе се обиде да го фрли јавачот, ќе клоца и ќе рита. Но кога Господ Исус почна да го јава, ослето не клоцаше, не скокаше и не гризеше. Беше ли поинакво од другите? Не... Неговиот јавач беше поинаков! Тој беше Создателот на светот. Тој владее над сè што создал дури и над младото магаре. Тој е Цар над сè - над ветерот и морето, над сонцето и ѕвездите, над птиците и животни-те. Затоа ослето одеше тивко, иако наоколу имаше врева и викање. Ослето никогаш порано немаше одено в град, но одеше тивко за Царот создател Кој Го јаваше.

**Сцена 4** *( поставете ги фигурите 4С 224 - 227, толпата, децата, палмовите гранки)*

Каква ли толпа беше ова! Некои од луѓето влегуваа во градот со Господ Исус и Неговите ученици, други излегуваа од Ерусалим да ги сретнат нив. Веројатно некои луѓе ги видоа учениците како ги соблекуваат своите наметки и ги фрлат врз ослето, па и тие го правеа истото. Ги фрлаа на патот како ќилим за ослето да гази по нив.

"Тој ќе биде добар Цар", велеа некои. А други велеа: " Нека Тој биде Цар". Наскоро мнозина почнаа да викат и пеат "Осана ! Благословен е оној кој доаѓа во името Господово, Царот на Израел!". Мнозина од толпата кинеа палмови гранки и мавтаа со нив; палмовите гранки беа знак за победа. Луѓето беа луди од радост, бидејќи мислеа дека најпосле Бог Го испрати Месијата како што вети. Тој би можел да биде нивен Цар, да ги ослободи од римските власти. Најпосле ќе си имаат свој Цар кој ќе владее над Ерусалим. Ова изгледаше како еден вид победничка поворка.

Господ Исус е навистина Божјот ветен Син, Месијата. Тој е Цар. Но Тој не планираше да се бори против римските власти. Тој се бореше и победи еден посилен непријател, принцот. Што мислите, кој е тој? Да, Сатаната. Кога Господ Исус умре за гревот и воскресна, Тој Го победи Сатаната. Тој е моќниот Цар, добриот Цар, кој може да нè ослободи од Сатаната. Во Стариот Завет читаме дека Тој беше испратен: "*да им донесе слобода на заробените*"*( Исаија 61: 1).* Ако знаеш дека си под сатанската власт и сакаш да се ослободиш, замоли Го Господ Исус да Го направи тоа за тебе. Тој ќе го направи, и ќе почне да владее во твојот живот. Каков прекрасен, голем Цар е Тој! Тој Го заслужи

сето пеење и славење на таа прва палмова недела.

Но не сите во толпата пееја од радост. Религиозните водачи беа љубоморни и лути. " Целиот свет тргна по Него" се жалеа тие. На Господ Исус  му рекоа: "Кажи им на твоите ученици да замолкнат". Господ Исус им даде многу чуден одговор: "Ако овие луѓе замолкнат, камењата ќе проговорат". Тој го мислеше тоа бидејќи Тој е Месијата, Цар над сè. **Мора да биде прославен.**

Секој од нас треба да Го слави Тој голем Цар. Тој е Цар над сите цареви. Ние не можеме да разбереме колку е голем, но би требало да Го славиме и прославуваме. Ако Го сакаш Господ Исус, многу  е важно да Го славиш. Кога ние пееме песни како *(спомнете една или две кои децата ги знаат)*, пејте ги од срце. Мислете го тоа што го пеете. Пејте ги често. Кога се молите, кажете му на  Господ Исус: "Ти си велик и моќен Цар".

Фарисеите не мислеа за Него така, но не се осмелуваа да кажат ниту збор. Одеднаш видоа како толпата почна да се движи кон градот.

Кога Господ Исус се приближи кон Ерусалим и Го виде градот, почна да плаче. Зошто? Заштo знаеше дека, иако некои од луѓето навистина се обратија од своите гревови кон Него и сакаа Тој да биде Цар над нивните животи, повеќето од луѓето вистински не веруваа во Него; Тие сакаа некој да ги спаси од римските владетели, но во Него не гледаа Спасител од нивните гревови. Додека Господ Исус плачеше, рече: " Ако знаеше кој може да ти донесе мир..."

Каква личност си ти - оној кој поверувал во Исус Христос како во Спасител и Цар, или еден од оние кои сè уште викаат "не". Ако сакаш денес да се одвратиш од гревот и да поверуваш во Христос, но не знаеш како, или пак имаш прашања, те молам почекај по часот и ќе ми биде драго да разговарам со тебе *(учителе одредете место)*.

**Сцена 5** *( поставете ги фигурите 4С- 230, Христос; 4С- 225, децата и 4С- 228 - 229 водачите)*

Господ Исус влезе во Храмот и во него виде луѓе што купуваа, продаваа и мамеа. Ги избрка надвор исто како што направи еднаш пред тоа. Тој рече: "Мојот дом треба да е дом на молитва, а вие го направивте разбојничка пештера".

Тогаш некои слепи и хроми луѓе дојдоа кај Него и Тој ги излечи. Таму имаше деца кои стоеа од страна и видоа што направи Тој. Тие повикаа и Го славеа" Осана на Синот Давидов!". Тие Го славеа како ветениот Месија Цар.

Љубоморните водачи се потсмева: "Слушаш ли што велат децата?"

Тој ги праша дали прочитале во Стариот завет дека Бог испланирал да Го слават дури и децата. Ако Го љубиш Господ Исус мисли на неговата величина и тогаш прослави Го како Цар.

Колку возбудлив ден за учениците. Тие не ја очекуваа сета ова слава за нивниот Господар. Погледете ги овие зборови *(подигнете го свитокот со покриена референца)*. Што мислите, кој ги напиша овие зборови? *(дозволете им на децата да дадат свои предлози)*. Можеби Петар, или Јаков, или некој од другите ученици. Но тие беа запишани повеќе од 400 години порано! Бог му кажа на пророкот Захарија што да напише. Таму пишуваше за Цар кој ќе јава на осле. Исто така стои напишано дека Тој спасува. Тоа значи дека Тој може да ги спаси заробениците на Сатаната. Ако Тој не умреше за гревот и пак не воскреснеше, никој не можеше да се ослободи од сатанското царство. Но ти можеш да се спасиш ако навистина го сакаш тоа. Поверувај во Господ Исус, Тој голем Цар, да те ослободи денес и да стане твој Цар. Кажи му уште сега: "Господе Исусе, Ти си Цар. Јас верувам во Тебе да ме спасиш од гревот. Те молам ти раководи го мојот живот. "

**Прашања за повторување**

1. Од кого треба да сме спасени и ослободени?
*(Од Сатаната.)*

2. На што јаваше Господ Исус кога влезе во Ерусалим?
*(На осле кое никој порано не го беше јавал.)*

3. Зошто ова осле не клоцаше и скокаше?
*(Создателот - Царот јаваше на него.)*

4. Што извикуваше толпата кога Господ Исус влезе во Ерусалим?
*("Осана! Благословен е оној кој доаѓа во името Господово.")*
5. Што очекуваа луѓето од Царот?
*(Да ги ослободи од римската власт.)*
6. Против кого дојде Господ Исус да се бори и да го победи ?
*(Сатаната.)*
7. Што направија луѓето, освен што викаа?
*(Мавтаа со палмови гранки.)*
8. Што побараа религиозните водачи да направи Господ Исус?
*(Да им каже на неговите следбеници да замолчат.)*
9. Како може да Го славиме ние?
*(Да пееме за Неговото величие и навистина да го мислиме тоа. Да му кажеме дека е велик.)*
10. Кој Го славеше кога Тој отиде во Храмот?
*(Децата.)*
11. Зошто Господ Исус може да те ослободи од Сатаната?
*(Тој е Цар над сè и го победи Сатаната.)*
12. Кој старозаветен пророк напиша дека Господ Исус ќе јава на осле?
*(Захарија.)*





**20 Лекција**

## Горната соба и градината

**Библиски текст:** Матеј 26:17 - 56; Марко 14:12- 52 Лука 22: 7-53; Јован 13: 1- 38; 18: 1-12.

**Централна вистина:** Биди му верен следбеник на Господ Исус

**Примена:** *за неспасени деца:* Немој да се преправаш дека си негов следбеник; *за спасени деца:* Ако си згрешил може да ти се прости и Господ ќе ти помогне да бидеш верен.

**Почеток:** Разговор за празниците

**Развој на настаните:**

1. Причина за празникот Пасха
2. Господ ги испраќа учениците да се подготват за Пасхата
3. Се собираат во горната соба
4. Исус вели: "Еден од вас ќе ме предаде"
5. Реакцијата на учениците
6. Исус му дава залак на Јуда
7. Јуда оди кај непријателите - ЦВН
8. Господ ја воспоставува Господната вечера - ЦВС
9. Сите одат кон Гетсеманија
10. Исус претскажува дека сите ќе Го напуштат - ЦВС
11. Исус се моли
12. Учениците спијат

**Кулминација**

13. Јуда ги води непријателите до Исус - ЦВН
14. Петар го отсекува увото на еден од непријателите

**Заклучок**

15. Исус е фатен ЦВС/ ЦВН

*(Забелешка: Ако сакате можете да ја поучувате оваа лекција во два дела, при што настаните од 1-8 би биле прв дел, а настаните од 9-15 втор дел.)*

**Стих за на памет:** Ние ви предлагаме да го поучувате Евреите 1:8; повторно. Ако оваа лекција ја користите како независна, тогаш поучувајте го *1Сол. 2:12 "Да живеете дос-тојно за Бога, кој ве призвал во Своето царство и слава."*

Кој може да ми наброи некои од поважните празници? Тоа се денови кога не мора да одите на училиште и кога можете убаво да си поминете дома *(спомнете различни празници, нпр. Божиќ, Велигден, Илинден и прашајте на што се потсетуваме тие денови).*

Низ целиот Ерусалим луѓето се подготвуваа за важниот еврејски празник, Пасхата. Пред 1400 години Евреите беа робови во Египет. Кога суровиот фараон одби да ги ослободи, Бог врз Египет испрати страшни неволји. Најпосле, Бог го испрати ангелот на смртта во домовите на Египќаните и во секоја куќа најстарото дете умре. На Евреите им беше заповедано да убијат јагне и со неговата крв да го попрскаат горниот дел од вратата на нивните домови. Кога ангелот на смртта ќе ја видеше крвта, тој ја одминуваше таа куќа.

Секоја година на Пасхата, Евреите се потсетуваа на таа ноќ. Тие прскаа со крвта од јагнето врз вратите и јадеа посебен оброк. Пасхалното јагне ги потсетуваше луѓето, исто така, дека еден ден Христос , ветениот Спасител ќе дојде да умре за сите луѓе. Ние знаеме дека Исус е вистинското Јагне Божјо. Тој умре за да ги спаси грешниците, исто како што пасхалното јагне умре наместо најстарото дете. Но многу, многу малку од луѓето знаеја дека вистинското Јагне Божјо беше во Ерусалим. Навистина, Тој се подготвуваше за последната пасхална вечера со своите ученици.

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите 4С-215-217, Исус и учениците)*

"Каде сакаш да ја подготвиме Пасхата?" прашаа неговите ученици.

"Влезете во градот", одговори Тој, "и ќе видите човек како носи стомна со вода. Тргнете по него, *(беше многу необично за маж да носи вода; обично жените го правеа тоа).* Кога ќе влезе во куќа отидете кај сопственикот на куќата. Кажете му дека Учителот ве испрати да му кажете: "Каде е собата во која ќе можам да ја јадам Пасхата со моите ученици?". Тој ќе ви покаже голема соба на горниот спрат, подготвена за нас. Пригответе таму."

Учениците отидоа и направија како што им кажа нивниот Учител. Тие знаеја дека можат да веруват во тоа што Го кажа Тој. Тој ја знаеше иднината. Тој точно знаеше што ќе се случи.

**Сцена 2** *(поставете ги фигурите 4С-231 А и Б, 232, масата за последната вечера)*

Вечерта, Господ Исус со дванаесетте ученици отиде во таа куќа. Учениците знаеја дека Тој наскоро ќе ги напушти, па беа многу тажни. Господ Исус знаеше дека ова е нивната последна заедничка вечера пред Неговата смрт. Имаше многу работи кои требаше да им ги каже.

Додека јадеа Тој рече: "Многу сакав да ја јадам оваа вечера со вас пред да умрам." Тогаш Тој кажа нешто ги шокира сите: "Еден од вас ќе Ме предаде" *(да предадеш некого значи да му дадеш нешто на непријателот, да ја изневериш довербата).*

Учениците престанаа да јадат и сериозно се погледнаа еден со друг. Тие беа многу натажени. Како е можно некој од нив да Го предаде Него на Неговите непријатели? Еден од нив натажен праша: "Господе, да не сум јас?" И друг рече: "Да не сум јас?" И другите го рекоа истото.

Петар се наведна и му даде знак на Јован за тој да Го праша Господ на кого се однесува тоа. Јован праша: "Господи кој е тој?" "Оној е, на кој ќе му натопам залак и ќе му го подадам," одговори Господ Исус.

Еден од нив се чувствуваше многу неудобно. Земајќи парче леб, Исус го натопи во чинијата и му го даде на Јуда Искариот. Тогаш му рече: "Што ќе правиш, прави го побргу. "Јуда замина, излегувајќи во ноќта.

*(Отстранете ја фигурата 4С-232, Јуда)*

Библијата ни вели дека другите не знаеја каде отиде Јуда... можеби да купи нешто или да им даде пари на сиромасите.

Каков следбеник беше Јуда? Лажен. Понекогаш луѓето прават лажни пари. Тие изгледат како вистински, но не се. Јуда Искариотски изгледаше како следбеник на Исус Христос: често одеше со дванаесетте ученици, зборуваше како нив. Сѐ уште има такви луѓе, такви момчиња и девојчиња. Тие зборуваат како христијани; тие се дружат со христијани; тие сакаат од другите да бидат сметани за такви. Но длабоко во себе тие знаат дека не се. Можеби има некој таков и помеѓу нас. Колку е жално да се правиш дека си вистински следбеник, а не си. Јуда беше лажен следбеник. Но уште полошо тој отиде да го предаде својот Учител.

**Сцена 3** *(поставете ги фигурите 4С-233 и 234, Јуда и свештениците)*

Тој отиде кај еврејските управители. Библијата ги нарекува "првосвештеници и старешини." Ова не беше прв пат што тој ги посети. И неколку дена порано беше таму. Ги праша: "Што ќе ми дадете ако ви Го предадам?"

"Ќе ти дадеме 30 сребреници,"рекоа тие. Јуда се согласи *(30 сребреници беше цената за еден роб( 2 Мојсеева 21: 32).* Колку беше жално што Јуда беше подготвен да Го предаде Господ Исус на непријателите за пари. И сега тој пак се врати кај нив). "Знам каде ќе биде Тој", рече Јуда. "Сега е вре-мето да го фатиме. Следете ме. Оној што ќе го бакнам, Тој е" *( во таа земја не беше необично мажите да се поздравуваат со бакнеж).*

Почнаа да собираат една група луѓе веројатно размислувајќи вака: "Да се осигураме дека нема да ни избега. "Ќе ни требаат факели и фенери." "Повикајте војници со мечеви и стапови." "Ќе ни требат јажиња за да го врземе"

*(Отстранете ги фигурите).*

**Сцена 4** *(исто како сцена 2, но со фигурите 231 А и Б)*

Во горната соба пасхалната вечера заврши. Господ Исус во рацете зеде леб. Го држеше во Своите раце и се помоли, благодарејќи Му на Бог за него. Потоа го искрши лебот на парчиња и им го подаде наоколу на учениците:"Земете, јадете, ова е моето тело што се крши за вас. Правете го тоа за мој спомен." Тој велеше дека лебот е слика на тоа што ќе се случи со Неговото тело.

Потоа зеде чаша со вино и Му благодари на Бог за него. Тој рече:" Пијте, ова е Мојата крв што се пролева за многина." Тој им велеше дека виното е слика на Неговата скапоцена крв која ќе се пролее за многина. Преку Неговата крв многина ќе имаат опростување на гревовите. Следбеници на Исус Христос се оние кои знаат дека Тој умрел за нив и веруваат во Него дека им ги простил сите нивни гревови. Дали си ти еден од Неговите следбеници? Ако си, биди Му верен Нему. Едно нешто што навистина помага е да се сеќаваме на тоа што Тој сторил за тебе. Кога е тешко да Му се биде верен, сети се колку Тој страдаше за тебе. Лебот и виното беа потсетници за учениците и за сите што Го следат Господ Исус. Оттогаш, тие што го љубат Него заедно земаат леб и вино; тоа се вика Господна вечера, или заедничка вечера. Тоа е посебно време за нив.

Тоа беше една посебна и тажна вечер за Господ Исус и Неговите ученици. Тие заедно испеаја песна и потоа отидоа на Маслинската гора.

**Сцена 5** *(поставете ги фигурите 4С-235, 216, 217, 220, 221,230, учениците и Христос)*

По патот Господ им рече: "Вечерва вие сите ќе се одвратите од Мене. Но после, откога ќе станам од мртвите, Јас ќе се сретнам со вас." Тие не можеа ниту да помислат да Го напуштат. Петар рече: "Дури и сите да се одвратат од Тебе, јас нема."

Господ Исус беше многу сериозен кога му одговори на Петар: "Вистина ти велам: дека оваа ноќ, уште пред да пропее петел, три пати ќе се одречеш од Мене."

"Ако затреба дури и да умрам за Тебе, нема да се откажам од Тебе"-одговори Петар. И сите други ученици го кажаа истото. Лесно е да се каже:"Јас ќе бидам вистински верен следбеник", но понекогаш е многу тешко да се биде навистина.

Ако одиш во училишен камп, ќе имаш ли тивок час? Ако си му верен на Господ, треба да ја читаш Библијата и да се молиш, дури и ако другите те видат што правиш. Твоите пријатели одат на натпревар во недела наутро. Нормално, ти одиш во црква. Но те канат да одиш со нив. Што ќе кажеш ако сакаш да си му верен на Господ? *(Дозволете им на децата да даваат свои предлози)* Понекогаш е многу, многу тешко. Но Господ вети дека ако го замолиме, Тој ќе ни помогне кога имаме потреба *(Евреите 4:16)*. Сигурен сум дека секое момче и девојче овде сака да Му биде верно Нему. Така се чувствуваа и учениците.

*(Отстранете ги сите фигури)*

Тие заедно влегоа во Гетсеманската градина. На повеќето ученците им рече да чекаат, а Тој отиде да се моли. Но со Себе во градината ги повика Петар, Јаков и Јован.

"Душата ми е нажалена дури до смрт" им рече Тој. "Бдејте со Мене и стражете".

**Сцена 6** *(поставете ги фигурите 4С-236. Исус као се моли)*

Отиде малку подалеку, се фрли на земјата и се молеше. Го молеше Својот Татко ако е можно, да не умре со таа страшна смрт што го очекуваше. Поми-слата на тоа што Го очекуваше беше толку страшна, што потта Му се претвори во крв. Исус, Синот Божји, беше полн со страв и агонија, додека мислеше на тоа дека Бог треба да го казни за гревот. Зарем ова не ти кажува колку е страшен гревот во твојот живот? Зарем не можеш да видиш дека треба да се спасиш

од него и да станеш следбеник на Исус Христос? Додека се молеше, рече: "Татко, нека се исполни Твојата, а не Мојата волја."

*(Отстранете ги фигурите)*

Тој се врати до Петар, Јаков и Јован. Тие спиеја. Тој ги разбуди и им рече: "Не можевте ли да бидете будни еден час?"

*(Поставете ја фигурата 4С-236)*

Тој повторно се врати да се моли. Три пати се молеше на ист начин. Три пати ги најде учениците заспани. Му беа ли тие верни? Не, тие Го изневерија. Ако си Негов следбеник, дали некогаш си Го изневерил? Можеби еднаш соседот те видел како му се потсмеваш на некое ментално заостанато дете и тој ѝ кажал на твојата мајка за тоа. Твојата мајка му одговорила: "Јас ќе го прашам него. Но сигурна сум дека тоа е грешка." Ти беше толку засрамен кога го призна тоа, а мајка ти беше многу лута. Уште пострашно беше кога ти кажа: "И ти ми велиш дека си христијанин?" Ти падна на испитот.

Но Бог не се откажува од Тебе. Тој е верен, дури и ако Го изневериш. Тој ќе ти прости и ќе ти помогне да не Го изневеруваш. Тоа го гледаме во животите на Петар, Јаков и Јован. Тој им помогна да бидат похрабри и посилни во нивната вера. Но во тој момент тие не Му беа од помош.

"Погледнете!"- рече Господ Исус. "Синот Човечки ќе биде предаден." Една група луѓе со мечеви, стапови, светилки и факели влегоа во градината. Ги водеше Јуда Искариотски. Тој застана до Господ Исус и Го бакна.

**Сцена 7** *(поставете ги фигурите 4С-237-240, Јуда, толпата, учениците и Христос)*

"Со бакнеж ли ме предаваш, Јуда?"- праша Господ Исус. Тој го знаеше планот на Јуда. Никој од учениците не знаеше пто направи Јуда, но Господ Исус знаеше. Можеби кога зборуваме за лажни следбеници, ти знаеш дека си еден од нив. Ти можеш да нѐ излажеш нас во клубот, или мајка ти и татко ти. Но не можеш да го излажеш Господ Исус. Тој ги знае оние кои се вистински следбеници и оние кои не се тоа. Ќе престанеш ли да се преправаш? Благодари му Нему што помина низ сите страдања и смрт за тебе. Замоли Го да го прости твојот грев и да те направи вистински Негов следбеник. Колку е тажно да се биде "лажен следбеник". Но уште пострашно е да го предадеш Господ Исус, како што направи Јуда.

На луѓето во групата што Јуда ја водеше не им требаа стапови, ниту мечеви. Господ Исус не се обидуваше да избега. Тој знаеше дека волјата Божја беше Тој да биде фатен. Но Петар сакаше да се бори. Го извлече својот нож и му го отсече увото на еден од Исусовите непријатели.

"Врати го ножот на своето место"- рече Господ Исус. Тој дури и го излечи увото на непријателот. Петар се обиде да Му биде верен, но тоа го направи на порешен начин. Ако му викаш на татко ти: "Ако ти не веруваш во Библијата и во Господ Исус, ти нема да отидеш во небото"; ти си му верен на Господ Исус, но тоа го правиш на погрешен начин. Не е добро да викаш, да се расправаш и да се бориш кога на другите им кажуваш за Исус. И Петар мораше да ја научи истата лекција. Тој го врати својот нож назад.

Луѓето со мечовите и стаповите Го заобиколија Господ Исус и Го фатија. Учениците беа збунети и преструшени. Се плашеа да не бидат фатени и се разбегаа. Што стана со нивното ветување да бидат верни? Уште еднаш тие Го изневерија. Добро е да знаеме, дека кога ќе Го изне-вериме, Господ Исус не се откажува од нас. Тој ни простува и ни помага да Му бидеме верни. Досега размислувавме за три нешта. кои се тие? Неуспех, неверен и верен.

Неуспех - Петар и другите ученици не успеаја да останат верни.

Неверен - Јуда беше неверен, лажен следбеник. Дали и ти се преправаш дека си христијанин? Не се преправај повеќе. Побарај од Господ Исус да ти го прости

гревот и да те направи Негов следбеник. Тој ветува дека секој што ќе дојде кај Него, Тој нема да го избрка *(Јован 6:37)*. Тој ќе ти помогне да Му бидеш...

Верен - Нему.

**Прашања за повторување**

1. Зошто Евреите ја слават Пасхата?
*(Бидејќи на тој ден Бог ги спаси од ангелот на смртта.)*

2. Што одговорија учениците кога Исус рече дека еден од нив ќе Го предаде?
*(Тие одговорија: "Да не сум јас".)*

3. Каков следбеник беше Јуда?
*(Лажен.)*

4. Кој беше единствениот во групата што го знаеше планот на Јуда?
*(Исус.)*

5. За колку пари го предаде Јуда својот Учител?
*(За 30 сребреници.)*

6. Што симболизираат лебот и виното во Господната вечера?
*(Телото и крвта на Христос.)*

7. Што рекоа Петар и другите ученици кога Исус рече дека ќе Го напуштат?
*(Никогаш.)*

8. Како Петар, Јован и Јаков Го изневерија својот учител во Гетсеманската градина?
*(Тие спиеја додека Тој се молеше.)*

9. Зошто беше Исус во агонија додека се молеше?
*(Поради страдањата за гревот што Му претстоеја.)*

10. Како Јуда им покажа на непријателите кого треба да фатат?
*(Го бакна Исус.)*

11. Што направи Петар за да ја покаже својата верност?
*(Го отсече увото на еден од непријателите.)*

12. Што му направи Исус на ранетиот?
*(Му го исцели увото.)*










**21 Лекција**

## Судењето

**Библиски текст:** Матеј 26:57-27,31; Марко 14:53-15:20; Лука 2:54-23:25; Јован 18:13-19; 16.

**Централна вистина:** Господ Исус Христос не згреши никогаш.

**Примена:** *за неспасени деца:* Бидејќи беше без грев, може да те спаси; *за спасени деца:* Неговата послушност ти се припишува тебе.

**Почеток:** Примерот со Марко кој бил неправедно обвинет.

**Развој на настаните:**

1. Судењето пред Санхедринот
   а. Лажните сведоци-ЦВ
   б. "Дали си Ти Синот Божји?"-ЦВ
2. Прв пат пред Пилат
   а. Исус вели дека е Цар- ЦВН
   б. Ги бунтува Галилејците
3. Испратен кај Ирод
4. Втор пат пред Пилат
   а. "Казнете Го и ослободете Го"
   б. Ослободувањето на еден затвореник - Варава?-ЦВН
   в. Исус го бичуваат; трнова круна, наметка - ЦВС
   г. Пилат повторно Го испрашува Исус
   д. Пилат повторно се обидува да Го ослободи
   ѓ. "Тогаш не си му пријател на царот!"

**Кулминација:**
5. Пилат си ги мие рацете

**Заклучок:**
6. Пилат им го предава на Евреите.

**Стих за напамет:** *"Оној Кој не знаеше за грев, Бог Го направи грев заради нас." (2 Коринќаните 5:21).*

**Учество на децата:** Подоцна во програмата би можеле да направите интервју со неколку од постарите деца. "Вие го следевте судењето на Господ Исус. Зошто мислите дека беше неправедно?" Ако користите касетофон и микрофон, ќе биде многу пореалистично.

Марко беше бесен на сестра си. Таа истурила мастило на тепихот, но успеа вината да ја префрли на него. "Марко ме турна" ѝ рече таа на мајка ѝ. Тоа не беше вистина, но мајката ѝ поверува на сестра му. Мајката сметаше дека Марко пак направил белја, бидејќи тоа често му се случуваше. Затоа го обвини. За казна, му беше забрането да оди на базен со другарите. Тој беше казнет за нешто што не го направил. "Тоа не е фер"- се развика тој. Тешко е кога неправедно те обвинуваат, нели? Денес ќе слушнеме за најнеправедното нешто кое се случило на оваа земја. Сè започна со фаќањето на Господ Исус.

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите 4С-229, 243, првосвештениците, книжниците и фарисеите; 4С-240, Исус)*

Грубите војници го донесоа пред палатата на првосвештеникот. Кон Него се однесуваа како кон затвореник- Го исмеваа и Го тепаа. Религиозните водачи Му беа љубоморни на Господ Исус, Го мразеа и беа решени да го убијат. Но требаше да имаат причина за да го направат тоа. Требаше да докажат дека направил грев. Повеќето од нив Го знаеја и внимателно Го набљудуваа. Но не можеа да најдат ништо за да го обвинат. Најпосле доведоа некои луѓе кои требаше да зборуваат лаги против Него.

Многу рано наутро, штом почна да се разденува, го започнаа судењето. Господ

Исус беше доведен пред религиозните водачи. Тој стоеше сам, без пријатели.Ги доведоа и луѓето што требаше да лажат против Него.

Но она што го кажаа беше таква бркотница, што сите знаеја дека лажат. Зошто беше толку тешко да Го прогласат за виновен? Бидејќи Тој не беше виновен за ништо. Тој никогаш, никогаш не згреши. Тие што беа со Него, кои Го набљудуваа, никогаш не Го видоа да згреши. Тој никогаш немаше лоши помисли. Тој секогаш точно го исполнуваше тоа што Бог Отецот го сакаше. Библијата ни вели дека Тој беше ***"без грев"*** *(Евреите 4:15)*. Тој е Единствениот без грев. Ништо чудно што религиозните водачи имаа проблем на судењето.

Најпосле, еден од сведоците рече: "Овој човек тврдеше: 'Јас можам да го разурнам Храмот Божји и пак да го изградам за три дена'." Библијата јасно кажува дека Господ Исус мислеше на Неговото тело, а не на зградата на Храмот. Тој им кажуваше на луѓето дека ќе воскресене од мртвите три дена по Својата смрт.

Брзо, првосвештеникот запраша: "Што ќе речеш на ова?"

Господ Исус стоеше мирно и не одговори ништо. Ова го разбесни првосвештеникот. "Ти наредувам во Името на Живиот Бог, да ни кажеш дали си Ти Христос, Синот Божји?"

Господ Исус одговори:"Што и да ви кажам, нема да ми верувате. Но иде денот кога ќе Го видите Синот Човечки во сила."

Тогаш сите повикаа: "Значи, Ти си Син Божји?"

Тој им одговори: "Во право сте, Јас Сум."

Тие не му поверуваа, но тоа беше вистина. Господ Исус е Божјиот Син. Затоа никој не можеше да Го обвини за грев. Тој беше истовремено Бог и човек. Ние не можеме да го разбереме ова, но тоа ни објаснува како Тој можеше да живее без грев. Беше невозможно Синот Божји да згреши.

"Син Божји"- тоа беше токму она што првосвештеникот сакаше да го чуе. "Лаже"- повика и се сврте кон другите: "Слушнавте што кажа; што мислите?"

"Виновен е"- одговорија тие. "Заслужува да умре."

Но Евреите не можеа да Го осудат на смрт. Тие требаше да го убедат римскиот управител да го направи тоа. Непријателите Го тепаа и плукаа по Господ Исус. Тогаш го поведоа од палатата на првосвештеникот кон дворот на Пилат, римскиот управител.

**Сцена 2** *(поставете ги фигурите 4С-226, 229, 238, 241, свештениците, толпата, Исус, Пилат)*

Рано тоа утро, Пилат виде толпа еврејски свештеници и старешини како доаѓаат кон неговата палата и судница, носејќи со себе заробеник. Тој излезе и ги запраша: "Зошто ми Го доведовте овој човек овде? Што направил?"

Тие му одговорија: "Ако не беше виновен, немаше да ти Го доведеме. Утврдивме дека овој овде поучува лоши работи, им кажува на луѓето да не плаќаат даноци на Цезарот и вели дека е Цар." Евреите знаеја дека на Пилат не му беше грижа ако Исус се нарекува Син Божји. Но ако кажат дека Тој тврди дека е цар, тоа ќе го загрижи.

Пилат влезе во судницата и насамо Го повика Исус. "Дали си Ти Царот еврејски?"-праша тој.

Господ Исус му одговори: "Моето царство не е од овој свет. Ако беше, моите слуги ќе се бореа и немаше да дозволат да ме фатат."

"Тогаш. дали си Ти цар?"- настојуваше Пилат.

"Да, Јас Сум."- одговори Господ Исус.

Пилат излезе надвор кај првосвештениците и другите кои беа таму. "Ми Го доведовте овој човек, но јас во Него не наоѓам никаква

вина." Немаше никаква вина во Господ Исус. Колку беше поинаков од љубоморните религиозни водачи. Колку беше поинаков од суровиот, горд Пилат. колку поинаков од тебе и мене. Сите ние сме непослушни кон Бог. Сите сме виновни. Библијата вели: "*Нема ниту еден праведен, не, ниту еден*" *(Римјаните 3:10)*. Дали му ги земаш играчките на твојот помал брат? Дали се тепаш со него? Тоа не е по волјата Божја. дали викаш по мајка ти? И тоа те прави виновен пред Бог. Сите ние заслужуваме да бидеме вечно казнети во тоа страшно место наречено Пекол. Ти не можеш да кажеш: "Јас не го заслужувам тоа." Бог вели дека го заслужуваш. Единствениот кој не заслужуваше никаква казна беше Исус Христос. Но Евреите беа решителни. Тие беа налутени кога ја слушнаа пресудата на Пилат. "Тој се оби-дува да ги побуни луѓето во Галилеја, по селата, па и овде!"- викаа тие.

"Галилеја"- си помисли Пилат. "Тој е од Галилеја. Ќе Го испратам кај Ирод, тамошниот управител. Нека Му пресуди тој." Тоа на Пилат му изгледаше убав излез. Ирод престојуваше во Ерусалим и можеше да ја превземе врз себе вината за својата одлука.

*(Отстранете ги фигурите)*

Но не му успеа. Ирод Го испрашуваше Господ Исус, но Тој не му одговори ништо. Ирод не најде никаква причина за да Го казни Господ Исус, па сепак им нареди на војниците да Го исмеваат и да Го тепаат. Тогаш Ирод го испрати назад кај Пилат, велејќи дека не наоѓа никаква причина за која би можел да Го осуди на смрт Исус. Во Библијата читаме дека Пилат и Ирод се спријателија тој ден. Обајцата донесоа погрешни одлуки и тоа ги зближи.

**Сцена 3** *(поставете ги фигурите 4С-240,242, Исус и Пилат со војниците, 4С-243,244)*

Пилат не знаеше што да прави. Беше очигледно дека овој човек не заслужува да умре. Дури и жената на Пилат му испрати порака, предупредувајќи го да не Го осуди Тој добар човек. "Но ако не го направам тоа, Евреите ќе ме обвинат пред Цезарот"- си мислеше тој. "Што да направам..."

Излезе и им се обрати на Евреите: "Јас не наоѓам никаква причина за да Го осудам. Ќе го казнам и ќе Го пуштам." Но тие сите повикаа: "Мавни Го! Убиј Го!" Одеднаш на Пилат му дојде друга идеја. Секоја година на Пасхата, еден осуденик беше ослободуван. Евреите имаа можност да избираат кој да биде пуштен. Веројатно најлошиот затвореник на кој Пилат можеше да помисли беше еден зол човек, Варава, кој беше осуден на смрт. Тој беше убиец и на луѓето им имаше нанесено многу зло.

"Кого сакате да ви го ослободам? Исус, или Варава?"- праша Пилат.

Брзо, водачите почнаа да се движат низ толпата. Таа растеше сè повеќе, како што луѓето се собираа за да видат што се случува. Имаше многу шепотења. Климање на глави. Тогаш толпата повика: "Го сакаме Варава! Ослободи го Варава!"

Пилат не можеше да поверува на тоа што го слушна. "Тогаш што да правам со Исус, наречен Месија?"- праша тој. Толпата повторно повика: "Распни Го! Распни Го! Нека биде убиен!"

Не беше право! Совршениот, Безгрешниот требаше да умре, а Варава, кој заслужи смрт, требаше да биде ослободен. На некој начин тоа е сликата на она што се случува со секој кој ќе поверува во Господ Исус за да Го спаси од гревот. Господ Исус не заслужи смрт: не заслужи да ја понесе страшната казна за гревот. Но Тој ја зеде врз Себе. Ти и јас ја заслужуваме казната. Но ако веруваш дека дека Исус Христос ја зеде наместо тебе и Му веруваш дека може да те спаси, тогаш нема да бидеш казнет за твојот грев. Ако Господ Исус не беше совршен, немаше да може да умре на наше место. Господ Исус не се обиде да избега, дури и тогаш кога Го одведоа да Го бичуваат. Зошто? Бидејќи Тој знаеше дека сето тоа мора да се случи, дека наскоро ќе умре на крст за нашиот грев. Тогаш тие донесоа круна, направена од остри трње и Му ја набија на главата. Потоа донесоа црвена наметка и Му ја облекоа. Во рацете

Му дадоа стап, наместо скиптар.

*(Заменете ги 4С-245, со 4С-240, Христос)*

Исмевајќи Го, тие клекнуваа пред Него велејќи: "Да живее царот еврејски!" Го плукаа и Го тепаа. Но, "*Тој не ја отвори устата своја*" *(Исаија 53,7)*. И тогаш не им одврати. Тој не згреши, Му беше послушен на Небесниот Татко. Дали вие, деца христијани, знаете дека кога поверувавте во Господ Исус како во ваш Спасител, Неговиот совршен живот ви се припишува вам? Како Нему да Му го дадовте вашиот грев, а Тој вам ви го дал Неговото ***"совршенство"***. Бог ве гледа како да сте го живееле совршениот живот што Го живееше вашиот Спасител. Кога го нема вашиот грев, и кога послушноста на Господ Исус ви се припише вам, тогаш сте оправдани пред Бог. Се разбира, не сте совршени, но Бог ве гледа како совршени преку Исус Христос. Колку треба да Му благодариме на Господ Исус што не згреши, дури и кога беше исмеван!

Пилат сè уште имаше проблем. Немаше храброст да Го ослободи Исус. Уште еднаш разговараше со Него. Господ Исус му рече дека Пилат може да нареди да Го распнат, само ако тоа е во согласност со Божјиот план.

**Сцена 4** *(поставете ги фигурите 4С-228, 229,238, 241 и 245, свештениците, толпата, Пилат и Христос)*

Пилат за последен пат Го изведе Исус пред толпата: "Ќе Го бичувам и ќе Го пуштам"- им рече на луѓето.

Тие веднаш извикаа: "Ако Го пуштиш овој човек, ти не си му пријател на Цезарот!"

Пилат се уплаши. Тој не сакаше да биде непопуларен пред Цезарот, но не сакаше да ја земе вината за Исусовата смрт. Тој зеде леѓен со вода и си ги изми рацете пред толпата народ, во знак на измивање на вината. Свечено рече: "Јас не сум виновен за смртта на овој невин човек, вината е ваша!" "Ние ќе ја земеме вината врз себе!"- викаа луѓето.

Ти и јас мора да кажеме: ***"и јас сум виновен"***. Заради нашите гревови Исус Христос, Божјиот Совршен Син, помина низ сите тие страдања и низ смртта. Го направи тоа бидејќи Тој е нашиот Спасител. Нели си благодарен дека Тој беше безгрешен? Инаку, немаше да има Спасител. Но Тој страдаше и умре, праведен за неправедните, за да нè донесе до Господ *(1 Пет. 3:18)*. Ако никогаш не си поверувал во Него, помисли на казната што ја заслужуваш за твојот грев. Помисли на Исус Христос Кој ја зема казната и умре за тебе. Ќе му веруваш ли Него сега? Кажи Му дека ти е жал за сите лоши нешта во твојот живот. Благодари му што Тој умре наместо тебе. Замоли Го да те спаси.

**Прашања за повторување**

1. Зошто еврејските водачи рекоа дека Исус мора да умре?
*(Бидејќи Тој рече дека е Син Божји.)*

2. Кај кого Го одведоа Исус за Неговото второ судење?
*(Кај Пилат.)*

3. Зошто Пилат сакаше да Го ослободи Исус?
*(Бидејќи во Него не најде никаква вина.)*

4. Зошто е толку важно за нас што Исус никогаш не направи ништо лошо?
*(Бидејќи само безгрешен човек може да биде наш Спасител.)*

5. Кај кого Го испрати Пилат Господ Исус?
*(Кај Ирод.)*

6. Каков избор им даде Пилат на Евреите?
*(Да го ослободи Исус или Варава.)*

7. Кого го одбраа Евреите?
*(Варава.)*
8. Како војниците Го исмеваа Господ Исус?

*(Трнова круна, наметка и стап за скиптар.)*

9. Како Пилат покажа дека не сака да ја земе вината за смртта на Господ Исус?
*(Тој си ги изми рацете.)*

10. Кој му даде власт на Пилат да Го распне Исус?
*(Бог Отецот.)*

11. Штом ќе поверуваш во Господ Исус, што се одзема од тебе?
*(Сите твои гревови.)*

12. Кога ќе поверуваш во Господ Исус, што ти се припишува тебе?
*(Неговиот безгрешен живот.)*

**22 Лекција**















## Распнувањето

**Библиски текст:** Матеј 27:31-66; Марко 15:20-47; Лука 23:26-56; Јован 19:16-42.

**Централна вистина:** Господ Исус умре како замена за грешниците.

**Примена:** *за неспасени деца:* верувај Му како во твоја замена; *за спасени деца:* љуби Го повеќе и благодари Му често.

**Почеток:** Еврејските водачи беа многу среќни *(директен пристап).*

**Развој на настаните:**

1. Исус оди кон Голгота носејќи Го Својот крст.
2. Симон го носи крстот
3. Војниците го приковаа на крст
4. Тој се моли: "Оче прости им"- ЦВН
5. Беа распнати и двајца разбојници
   а. Еден се подбива со Господ
   б. Другиот се кае - ЦВС
6 На пладне настапува темнина
7. Исус е одвоен од Неговиот Татко - ЦВ

**Кулминација:**

8. "Се сврши!" Римскиот стотник рече: "Тој е Син Божји"
   Во храмот завесата се раскина - ЦВН

**Заклучок:**

Јосиф Го погреба Исус - ЦВН

**Стих за напамет:** "*Бидејќи и Христос, за да нè приведе кон Бога, еднаш пострада за гревовите наши, праведник за неправедните*" *(1 Петрово 3:18).*

**Драма:**

Една идеја плус која можете да ја употребите пред поучувањето на лекцијата.

Нека неколку од поголемите деца ја подготват следната драма која објаснува што е замена.

**Учителот:**

Стефан, многу пати сум ти рекол да не ги туркаш децата по скалите. Те видов како ја турна Ана. Ти мора да бидеш казнет.

**Стефан:**

Извинете учителе, тоа нема да се повтори.

**Учителот:**

Сум го слушнал тоа и порано. Твојата казна е да ја подредиш училницата во петок, по часовите.

**Стефан:**

Но учителе, ние тренираме за натпреварот и јас мора да бидам на тренинг!

**Учителот:**

Требаше да мислиш на тоа пред да ја турнеш Ана.

**Стефан:**

Ве молам учителе, ова ќе ми биде последно.

**Учителот:**

Не, ти ја заслужуваш казната. Остануваш во петок.

**Марко:**

Учителе, ако ми дозволите, јас ќе јаподредам училницата. Стефан му е потре-бен на тимот.

**Учителот:**

Така, ти се нудиш да го земеш местото на Стефан, нели? Некој вид замена за него?

**Марко:**

Јас ќе го сторам тоа, ако ми доз-

волите.

**Учителот:**

*(размислува)* Дали да му дозволам? *(гласно)* Во ред. Ако си подготвен да ја земеш казната на Стефан, тој може да оди да тренира.

**Стефан:**

Јас сум бил заменуван и порано во тимот, но никогаш никој не ме заменил кога треба да ме казнат. Ох, благодарам.

Почеток на лекцијата ако ја користите драмата: можеби вие никогаш не сте имале некој што наместо вас ја зел вашата казна. Тоа не се случува многу често. Но се случи еднаш кога Исус беше казнет ...

*(Продолжете со сцена 1)*

**Лекција**

Еврејските водачи беа среќни. Најпосле Исус им беше тргнат од патот. Пилат даде дозвола Тој да биде распнат.

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите 4C-238, 246, 247- толпата, Исус го носи крстот)*

Суровите војници, религиозните водачи и толпата Го зедоа Господ Исус и Го поведоа кон местото на погубување. Требаше да биде закован на крст и тие го натераа Самиот да го носи крстот. Крстот беше тежок, а Господ Исус беше слаб по сите бичувања. Изодувајќи дел од патот, се сопна и падна.

Токму тогаш покрај нив поминуваше еден силен човек, веројатно на пат кон Ерусалим. "Ете човек кој ќе го носи крстот"- повика некој. Војниците го принудија човекот, чие име беше Симон, да го носи Исусовиот крст остатокот од патот. Симон доаѓаше од Киринеја во Северна Африка.

*(Поставете ја фигурата 4C-248, Симон)*

Толпата одеше кон ридот надвор од Ерусалим. Тој се викаше Голгота. Веројатно многу од Исусовите пријатели не знаеја што се случува, зашто беше одвај девет часот наутро. Но вестите се проширија како пожар: "Побрзајте, побрзајте! Го одведоа да Го распнат на Голгота." Мнозина од Неговите пријатели сигурно ѝ се придружија на толпата. Колку натажени беа тие. Толку се надева дека Тој е Божјиот Син, а сега одеше да умре. Тој направи многу прекрасни чуда, но изгледаше дека не може да се спаси Самиот Себеси од непријателите. Тој можеше да повика илјадници ангели на помош. Наместо тоа, доброволно страдаше и умре. Не беше принуден да го направи тоа. Тој можеше да избега. Но Тој се даде самиот себеси да умре за грешниците. Затоа одеше по патот кон Голгота.

**Сцена 2** *( отстранете ја фигурата 4C-246, и поставете ги војниците 4C-249 и жените 4C-250)*

Најпосле тие пристигнаа. Војниците ископаа дупка во земјата за крстот. Неговите пријатели гледаа беспомошно. Тие беа скршени; некои од жените гласно плачеа. Потоа војниците Го земаа Исус и Го налегнаа на крстот. Со големи клинци тие ги заковаа Неговите раце и нозе за дрвените греди. Војниците беа навикнати да ги слушат врескањата и псовките од затворениците додека ги распнуваа. Колку беа изненадени кога слушнаа затвореник како се моли: "Оче, прости им, бидејќи не знаат што прават!" Над Неговата глава ставија натпис, напишан од Пилат: "Исус од Назарет, Еврејски Цар."

Потоа тие го подигнаа крстот и го ставија во дупката, исполнувајќи ја со земја и камења. Колку страдаше Господ Исус - а ни најмалку не го заслужуваше тоа. Ние сме тие кои заслужуваме да бидеме казнети. Ти и јас не Го задоволивме Бог и не Го слушаме многу, многу пати. Дали си го упоребил Божјето име како клетва? Тој ни забранува да го правиме тоа. Можеби ти секогаш не ја кажуваш вистината, каде сѐ си бил, што си гледал на телевизија, за твојата училишна работа. Библијата ни вели дека Бог ја мрази лагата *( Изреки 6: 16-19)*. Можеби си љубоморен кога брат ти ќе добие убав роденденски подарок, а до твојот роденден

има уште многу време. Сите тие нешта Го прават Бог многу незадоволен. Тој е толку добар и праведен што мора да ги казни сиот грев. Казната за гревот е смртта. Тоа значи повеќе од тоа да умреш и да бидеш погребан. Тоа значи да бидеш одвоен од Бог засекогаш. Јас ја заслужувам таа казна, а исто така и ти. Но Господ Исус не ја заслужи. Не можеше да биде обвинет за ништо лошо. Сепак, Тој доброволно висеше на тој крст за нас.

**Сцена 3** *( поставете ги фигурите 4С-250, 254, 238, 243, 244,Исус, разбојниците, војниците и толпата)*

Во исто време уште двајца беа распнати со Него. Тие ја заслужуваа казната зашто беа разбојници. Сигурно и тие ги имаа истите страшни болки. Тие ги слушаа луѓето како викаат кон Господ Исус: "Ако си Ти Христос, слези долу од крстот и ќе Ти поверуваме!"

Двајцата разбојници Го исмеваа Господ Исус додека толпата викаше: "Ха, ха, ха, Тој спасуваше други, а Сам не може да се спаси.!"

Еден од разбојниците грубо рече: "Ако си Ти Христос, спаси се Сам, а и нас исто така."

Но другиот разбојник проговори: "Како се осмелуваш да зборуваш така, кога ти наскоро ќе умреш? Ние двајцата си го заслуживме тоа што го добивме, но овој човек не неправил ништо лошо."

Тогаш се заврте кон Господ Исус: "Господи, сети се на мене кога ќе отидеш во Твоето царство"- замоли тој. Иако Господ Исус беше во големи болки, Тој го љубеше тој разбојник и го ислуша. "Денеска ти ќе бидеш со Мене во рајот"- му рече на разбојникот. Но како може таков човек да живее заедно со Бог и Господ Исус? Господ никогаш нема да каже: "Не е важно за сите лоши работи што ги направи". Не, Тој мора да го казни гревот. Тоа е загатката: како можеше тој разбојник да оди во рајот уште истиот ден? Постои само еден одговор. Исус, совршениот Син Божји беше казнет од Бог за сите гревови на тој разбојник. Тој го зеде местото на разбојникот. Тој беше неговата замена. Тој е замена за грешниците као мене и тебе. Ако Му веруваш Нему, уште денес ти можеш сигурно да знаеш дека Исус ја зеде целата казна од Бог за твојот грев. Момчиња и девојчиња кои верувате во Христос, Тој умираше на ваше место тој ден. Тој е твојата замена, земајќи ја целата казна од Бог за сите твои гревови. Би сакал ли да бидеш вечно казнет? Не! Исус Христос беше казнет наместо тебе. Кога мислиш на тоа, зарем не Го сакаш многу повеќе? *"Ние Го сакаме, бидејќи Он по-рано нà засака" (1 Јов.4:19).* Кажи му дека го сакаш; благодари Му Нему што умре за тебе. Прекрасно е да кажеш: Тој умре за мене. Колку прекрасно , исто така, беше за разбојникот, што му беше простено малку пред да умре.

**Сцена 4** *( како и претходната)*

Времето минуваше многу бавно за Оној што страдаше; но доаѓаше нешто уште пострашно. Бог не ѝ дозволи на толпата да гледа како Неговиот Син се мачеши со најстрашната смрт што можеше некого да го снајде. Во дванаесет часот, на сред бел ден, Бог направи темнина. Не беше само облачно, туку беше темно како ноќ *(поставете црн фланел преку целата табла)*. Темнината траеше три часа, додека Синот Божји ги зеде нашите гревови на Своето тело на крстот. Тука во темнината, Тој беше потполно сам. Неговиот Татко Го остави сам, бидејќи Тој Го носеше нашот грев. Библијата ни вели дека Тој сам стана грев за нас *(2 Кор.5,21)*. Бог не може да го гледа гревот. Во текот на тие три часа, Господ Исус страдаше од Божјата лутина и суд за гревот. Ние никогаш нема да разбереме колку Тој страдаше. Беше толку тешко што во таа темнина Тој извика: "Боже мој, Боже мој, зошто си Ме оставил?"

Немаше друг пат за да можевме да бидеме спасени. Бог мора да го казни сиот грев. Ако нашите гревови и нашата казна не бидат простени, тоа значи дека ние засекогаш ќе бидеме одвоени од Бога и ќе ја платиме казната засекогаш. Но бидејќи Исус беше совршен човек, а исто така и Бог, Тој беше

единствен што можеше да ја земе казната за многу, многу луѓе. Бог ги сака грешниците толку многу, што испланира Неговиот Син да биде замена за нас. Исус Христос доброволно стана наша замена. Се исполни кажаното дека ***"праведникот"*** умре за ***"неправедните"***.

Неговото страдање беше речиси пред крај. Знаејќи дека ја понесе Божјата осуда, Тој извика: "Се сврши!" Сѐ што требаше да се направи за гревот беше завршено. Тој го стори тоа совршено. Потоа Му проговори на Бог: "Татко, во Твои раце го предавам Мојот дух." Потоа Господ Исус, Единствениот Божји Син, умре

*(Отстранете го црниот фланел).*

Водачот на групата војници кои Го распнаа, погледна кон Него на крстот и рече: "Навистина, овој човек беше Син Божји."

Во храмот во градот, се случи нешто многу чудно *(учителе, ако сте нацртале завеса, можете да ја раскинете од врвот кон дното)*. Имаше голема и дебела завеса пред делот од храмот наречен ***"светиња над светињите"***. Еднаш годишно, првосвештеникот влегуваше таму со крв од животните кои беа жртвувани за гревовите на луѓето. Таа завеса ненадејно се раскина од врвот до дното. Тоа покажа дека преку Исус Христос сите можат да дојдат до Бог. Жртвите веќе не беа потребни. Исус Христос беше вистинската замена засекогаш. Но тоа не значи дека секој е спасен. Мора да разбереш дека Тој умре за тебе, а потоа да поверуваш во Него. Можеби сакаш да го направиш тоа, но не знаеш како. Ќе ми биде задоволство да зборувам со тебе по состанокот. Кога другите ќе си отидат, ти остани *(назначете место)*.

**Сцена 5**

Еден од еврејските водачи, по име Јосиф отиде кај Пилат и го замоли да го земе телото Исусово. Кога војниците проверија дека Тој е навистина мртов, Јосиф и Никодим го земаа Неговото тело. Тие со љубов Го замотаа во платно и мириси и Го погребаа Спасителот во нов гроб- голема дупка во карпа. Тие ставија голем камен врз отворот на гробот.

Еврејските водачи беа сигурни дека тоа беше крајот на Исус. Но тие не сакаа да ризикуваат. "Тој рече дека по три дена ќе воскресне"- му рекоа тие на Пилат: "Сакаме стража да го пази гробот во тек на три дена за да се осигураме дека никој нема да го украде Неговото тело."

*(Поставете ја фигурата 4C-244, војниците)*

Исус беше мртов. Замислете си колку Тој страдаше за нашиот грев. Но не е доволно да кажеш: "Беше многу грозно." Мора да размислиш за твојот грев. Ќе продолжиш ли да одиш по твојот грешен пат, како Тој никогаш да не умрел и да бидеш казнет засекогаш? Во Божјите очи гревот е лоша работа. Ќе сакаш ли да се одвратиш од него? Верувај дека Исус умре наместо тебе, земајќи ја твојата казна. Ќе Го прифатиш ли Него сега како твоја замена? Можеш да зборуваш со Него, бидејќи Тој не е мртов. Не мора да зборуваш со Него гласно, но кажи му: "Драги Господе Исусе, многу Ти благо-дарам што умре и плати за мојот грев. Те молам прости ми. Отсега јас ќе Те сакам и ќе живеам за Тебе."

**Прашања за повторување**

1. Што е тоа замена?
   *(Кога некој го завзема местото на друг.)*

2. Како се викаше ридот каде што беше распнат Исус?
   *(Голгота.)*

3. Што стори Тој кога војниците Го приковаа на крст?
   *(Тој се молеше: "Оче, прости им.")*

4. Што беше напишано на натписот на крстот?
   *("Исус од Назарет, Цар Еврејски".)*

5. Зошто Исус страдаше и умре, кога Тој можеше да избега од тие

страдања?
*(Бидејќи Тој ги засака грешниците и сакаше да ја земе нивната казна.)*





6. Како Исус му одговори на разбојникот кој кажа: "Боже, сети се на мене"?
*("Уште денес ќе бидеш со мене во рајот".)*
7. Како беше можно разбојникот да оди во рајот?
*(Бидејќи Исус Христос ја зеде неговата казна.)*

8. Што се случи во 12 часот напладне тој ден?
*(Настана темнина.)*



9. Кое беше најголемото страдање на Господ Исус?
*(Одвојувањето од Неговиот Татко и казната од Неговиот Татко.)*
10. Кое беше чудното нешто што се случи во храмот?
*(Завесата на "светињата над светињите" се раскина од горе до долу.)*



11. Кој го побара телото Исусово од Пилат?
*(Јосиф.)*

12. Довршете го библискиот стих: "...Зошто Исус еднаш требаше да пострада...
*("...за гревовите, праведник за неправедните" (1 Петр.3:18).)*

**23 Лекција**



## Воскресението

**Библиски текст:** Матеј 28: 1-15; Марко 16:1-14; Лука 23:56-24:12,36-48; Јован 20:1-21

**Централна вистина:** Исус Христос воскресна од смртта и Тој е вечно жив.

**Примена**: *за неспасени деца:* штом поверуваш, можеш да бидеш сигурен дека за твојот грев е платено во потполност; *за спасени деца:* можеш сè повеќе и повеќе да Го запознаваш и да очекуваш да бидеш засекогаш со Него.

**Преглед на лекцијата:**

**Почеток:** Писмото од Мартин

**Развој на настаните:**

1. Војниците го чуваат гробот
2. Земјотрес и ангел го тргнува каменот настрана
3. Војниците трчаат да кажат што се случи - ЦВ
4. Тие се согласуваат да лажат
5. Жените доаѓаат со мирисите
6. Го гледаат празниот гроб - ЦВН
7. Петар и Јован дојдоа на гробот - ЦВС

**Кулминација:**

8. Марија Магдалена се среќава со Исус - ЦВС

**Заклучок:**

9. Веста се проширува - ЦВН

**Стих за напамет:** "*Јас сум Живиот. Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови*" *(Отк.1:18).*

**Учество на учениците:** нека децата ви помогнат да одговорите на писмото со кое ќе ја започнете лекцијата.

*Драги Роберт и Јасмина,*

*Многу ми недостигате како соседи. Училиштето почна пак. Некои денови е добро, особено кога имаме физичко. Еден ден во класот учителот Миле рече дека Велигден е убав празник, но тој не може да верува дека Исус станал од мртвите. Тој рече дека учениците ја измислиле таа приказна. Јас го ценам учителот Миле, но не можам да го заборавам тоа. Ако Исус Христос не е жив, нема смисол да бидеш христијанин. Што мислите вие?*

*Отидов во железничкиот музеј минатата сабота. Беше прекрасно, брилијантно.*

*Немам повеќе вести. Пишете ми побрзо!*

*Мартин*

Да видиме дали денес ќе можеме да научиме некои работи што би му помогнале на Мартин.

**Сцена 1** *(поставете ја фигурата 4С-244, војниците)*

"Тоа е најлесната работа што сме ја имале" - можеби си мислеа војниците. "Не е тешко да се чува гроб на мртов човек." Тие само требаше да се осигурат следбе-ниците на мртвиот човек да не дојдат да го украдат Неговото тело и после да се преправат дека Тој е повторно жив. Но немаше ни трага од Неговите следбеници. Беше тивко во градината... сè до рано наутро во недела.

**Сцена 2** *(поставете го ангелот, 4С-257, на каменот на гробот)*

Одеднаш се случи силен земјотрес и се појави ангел. Тој светеше како молскавица, а неговите облеки беа бели како снег. Тој отиде и го помести каменот кој стоеше на влезот на гробот настрана. Цврстите војници беа престрашени; се тресеа од страв и паднаа во несвест на земјата. Кога се свестија, доволно за да трчаат, тие избегаа. Некои побрзаа да им кажат на религиозните водачи дека дојде ангел и го помести каменот

настрана.

Зошто ангелот го направи тоа? За да Му дозволи на Господ Исус да Го напушти гробот? Не беше тоа. Но, за да покаже дека гробот е празен. Телото на Господ Исус не беше повеќе таму. Бог Го подигна од мртвите. Луѓето можеа самите да се уверат во тоа. Исус беше жив! Тој сè уште Го имаше истото тело, бидејќи ги имаше раните од клинците на Неговите раце и нозе. Но сепак се беше случила промена со Неговото тело. Тој го напушти гробот пред да се помести каменот. Можеше да минува низ врати без да ги отвара. Имаше прекрасно, воскреснато тело кое го зеде назад во небото. Да, токму како што кажа, дека на третиот ден ќе оживее. Гробот беше празен и каменот беше тргнат.

**Сцена 3** *(поставете ги војниците и водачите, 4C-244, 228 и 229)*

Војниците кажаа што им се случи. "Не кажувајте никому"- ги предупредија еврејските водачи. Им покажаа голема сума пари. "Ќе ви ги дадеме овие"- рекоа тие, "ако не кажувате што знаете. Кажете дека заспавте и Неговите ученици дојдоа и Го украдоа Неговото тело."

За едни војници да го кажат тоа, беше глупаво, но тие не можеа да се откажат од сите пари. Затоа проширија глас и некои луѓе им поверуваа.

Кога Господ Исус беше погребан таму имаше и неколку жени кои му беа драги пријателки на Исус. И тие исто така сакаа да го помажат Неговото тело со мириси, како што направи и Никодим. Но беше предоцна. Тие видоа како големиот камен го затвори отворот и си отидоа дома. Бидејќи следниот ден беше сабота *(посебен ден за одмор и славење на Евреите)* тие не можеа да одат до гробот. Штом измина саботата, вечерта тој ден, жените почнаа да ги спремаат нештата за да ги однесат на гробот на Господ Исус.

Рано наутро, во недела, тие тргнаа. Беше сè уште темно кога излегоа од дома. Изгледаше дека Марија Магдалена ги води останатите. Тука беа Марија, Салома, Јоана, а можеби и некои други. Тие беа тажни.

"Како можеме да дојдеме до Неговото тело?"- праша некој. "Кој ќе го тргне каменот од влезот?" Тоа беше голем проблем, но сепак продолжија по патот. Можеби тие не знаеја за стражата од војници.

**Сцена 4** *(поставете ја Марија Магдалена 4C-256, другите жени, 4C-255)*

Кога дојдоа на видик на гробот, видоа дека гробот беше отворен. Марија Магдалена побрза да погледне внатре.

*(Поставете ја фигурата 4C-256 блиску до отворот)*

Тогаш Марија бргу се заврте. "Го нема, Тој не е таму. Го нема Неговото тело!" Таа не чекаше да го дискутира тоа со жените. "Што ли се случило?" "Дали Петар и Јован знаат нешто за ова?"

**Сцена 5** *(отстранете ја МаријаМагдалена)*

Марија Магдалена ги најде Петар и Јован. Таа повика: "Го земале Господа од гробот и не знаеме каде го положиле." Петар и Јован веднаш потрчаа кон гробот, а Марија ги следеше.

Ако почекаше со другите жени. ќе дознаеше нешто повеќе. Откако таа замина тие видоа ангел *(ангелот може да се појави и да го снема за миг)*.

**Сцена 6** *(поставете го ангелот 4C-257)*

"Не бојте се", им рече ангелот на жените. "Јас знам дека го барате Исуса распнатиот. Тој не е овде. Тој воскресна, како што Тој рече дека ќе се случи. Дојдете и видете го местото каде беше положен."

Нашата Библија ни го вели тоа со следниве зборови.*(Поучувајте го стихот од Матеј 28:6 користејќи визуелни помагала. Самата случка го објаснува стихот. Повторете го неколку пати и продолжете со лекцијата)*

Жените сигурно се приближија за подобро да погледнат. Тие дојдоа и видоа.

Многу е важно да знаеме дека Господ Исус е жив. Инаку не ќе имавме доказ дека Неговата смрт е сѐ што е потребно за да се плати за нашите гревови.

Кога грешиме е како да имаме долг кон Бог. Тоа е како да имате сметка која мора да ја платите. Да претпоставиме дека ова е вашата сметка *(учителе: закачете ливче на таблата и запишувајте ги гревовите што ќе ги спомнете).* Што би имало на твојата сметка? Крадење? Непослушност? Тврдоглавост? Лоши збопрови? Лажење? Тепање? Злоба? Ако ја платиш твојата сопствена сметка, мора тоа да го сториш со сопствената смрт, што значи вечна одвоеност од Бог.

Кога Господ Исус умре, Тој рече: "Се сврши." Тоа значи дека Тој во потполност го плати долгот за гревот. Доказот дека она што Исус го направи е доволно е фактот што Бог Го подигна од мртвите. Кога поверуваш во Исус Христос како во твој Спасител, долгот што го имаш е целосно платен. Можеби знаеш дека твојот грев е сѐ уште како голем долг пред Бог. Ќе поверуваш ли дека Господ Исус плати за тебе? Ќе Го примиш ли како твој Спасител? Благодари Му за тоа што го плати твојот долг и замоли го да го отстрани тој страшен долг кој го имаш кон Бог. Тој ќе го направи тоа во тој миг кога ќе поверуваш во Него. Ако не поверуваш во Него, мора сам да го платиш твојот долг. Не можеш да го платиш со пари или со тоа што ќе се трудиш да бидеш добар. Ако го платиш, мора да ја трпиш Божјата казна засекогаш. Колку жално е ако ништо не ти значи што Господ Исус е жив.

Жените тоа го видоа за себе. Ангелот им рече: "Одете брзо да им кажете на Неговите ученици, дека Тој воскресна од мртвите." Тие беа возбудени и полни со радост, па оттрчаа да им кажат на учениците.

**Сцена 7** *(поставете ги Петар и Јован, фигурите 4С-258, 259 и Марија во даелечина 4С-256)*

Во меѓувреме Петар и Јован трча кон гробот. Марија Магдалена доаѓаше побавно зад нив. Јован дојде прв и застана на влезот на гробот. Петар се втурна и влезе внатре. Јован му се придружи. Тие таму го видоа најчудното нешто што го беа виделе. Платното со кое Јосиф и Никодим го беа замотале телото на Исус беше таму. Тоа беше точно во обликот како што беше и Неговото тело, но беше празно. Крпата што го покриваше Неговото лице, беше поставена одделно од платното. На некој начин телото излегло од платното, без да го размота. Ние сигурно знаеме дека во тој момент Јован виде и поверува. Да! Нивниот учител е жив! Колку возбудливо! Колку прекрасно! Момчиња и девојчиња кои сте христијани, вашиот Спасител и Господ е жив. Речиси 2.000 години подоцна Тој е сѐ уште жив. Тој ќе живее вечно.

Во Библијата воскреснатиот Господ Исус вели: "*Јас сум Живиот. Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови*" *(Отк.1:18).* Нели е прекрасно што ти имаш вистински жив Спасител, секој миг од денот. Бидејки Тој е жив, можеш да Го запознаваш сѐ повеќе и повеќе! Зборувај често со Него. Одделувај време секој ден да зборуваш со Него. Добро е да запомниш дека Тој е со тебе во училиштето, на игралиштето, каде и да си. Можеш да Му ги кажеш твоите тајни и проблеми. Радосен ли си дека Тој е жив и вистински?

Петар и Јован беа радосни што го видоа гробот празен. Марија Магдалена дојде до влезот и погледна внатре. Таа виде два ангела кои ја запрашаа: "Жено, зошто плачеш?"

"Го земаа Господа и не знам каде Го положиле"- им рече тажно. Додека се заврте, уште во солзи, таа виде некого.

**Сцена 8** *(поставете го Исус, 4С-260)*

"Жено, зошто плачеш? Кого бараш?"- ја праша Тој. Марија помисли дека е градинарот. "Господине ако вие сте Го земале, кажете ми каде е Тој и јас да отидам да Го земам?"- рече таа. Човекот стоејќи ѝ рече: "Марија." Наеднаш Марија знаеше дека беше Исус.
*(Отстранете ја фигурата 4С-256 и пставете ја Марија која клечи, 4С-261)*

"Господару"- извика таа. Библијата ни вели дека Марија Магдалена беше првата личност која Го виде Господ Исус откако Тој воскресна од мртвите. "Оди кај браќата, Моите следбеници, и кажи им дека одам кај Мојот Татко."- ѝ рече Господ.

Марија го виде. Таа со сигурност знаеше дека Тој е навистина жив. Поточно, повеќе од петстотини луѓе го видоа Него. Некои од нив тоа го запишаа во Библијата. Затоа сме сигурни дека Синот Божји не е мртов, дека Тој е жив. Тој ѝ кажа на Марија дека ќе се врати на небото, каде што е и денес. Момчиња и девојчиња кои сте христијани, нели е возбудливо да го запознаваш сè повеќе и повеќе секој ден. Ти можеш да очекуваш да бидеш во небото со Него вечно. Библијата вели дека ќе бидеме вечно со Бог *(1 Сол 4,13-18.)*. Бидејќи Господ Исус воскресна од мртвите, на секој вистински христијанин ќе му биде дадено прекрасно тело како Исусовото воскреснато тело, на денот кога Тој ќе се врати повторно. Тоа е нешто што го очекуваме. Во меѓувреме, осигурај се да го запознаеш Него подобро. Читај ја Библијата и зборувај со Господ Исус секој ден. Кажи Му дека сакаш да Го запознаеш повеќе и повеќе, како вистинска личност, жив Спасител и Господ на твојот живот. Марија не се сомневаше дека Тој е жив и вистински.

*(Отстранете ги фигурите)*

**Сцена 9** *(поставете ги учениците 4С-262, Марија, 4С-256)*

Марија Магдалена отиде и им кажа на учениците дека Го виде воскреснатиот Господ Исус и што ѝ кажа нејзе. Другите жени што ја слушнаа пораката на ангелот исто така ги проширија овие добри вести. Учениците не знаеја дали да им веруваат на жените. Но Марија Магдалена знаеше дека тоа е вистина.

*(Отстранете ја Марија)*

И другите жени веруваа, зашто подоцна Господ Исус се сретна со нив на патот. Иако ја слушнаа пораката од ангелот, тие се уплашија кога Го видоа Господ Исус. "Не плашете се"- им рече Тој. "*Одете и кажете ... им на Моите следбеници каде да ме сретнат*" *(Марко 16:6-7)*. Учениците сè уште не Го беа виделе.

**Сцена 10**

Таа вечер учениците беа заедно во една соба со добро заклучени врати. Библијата вели дека беа уплашени од Евреите. Одеднаш се вчудоневидија. Исус беше тука!

*(Поставете го Исус 4С-260)*

Затворените врати не можеа да Го задржат Него. "Мир вам"- рече Тој.

Отпрво, тие се преструшија Помислија дека гледаат дух. "Зошто се плашите?"- ги праша Тој. "Погледнете ги Моите раце и нозе." Тој им ги покажа раните од клинците. "Допрете ме и видете"- инсистираше Тој. "Духот нема тело." Сега учениците знаеја дека тоа беше вистина. Тие беа радосни и посреќни од кога и да било.

"Имате ли нешто за јадење?"- ги праша Тој. Му дадоа парче печена на жар риба и Го гледаа додека јадеше. Да, Тој беше вистински, Тој беше жив!

Потоа зборуваше со нив извесно време. "Додека бев со вас"- рече Тој, "ви реков дека сè што беше напишано за Мене во Стариот завет мора да се исполни." Ги потсети да разберат што Бог рече во Неговото Слово, за тоа дека Тој мора да страда и да воскресне од мртвите на третиот ден. "Сега сакам да им го кажете тоа на другите"- рече Тој. Да, мораше да ја кажат добрата вест."

Колку возбудливи вести имаа тие. Тие вести се сè уште возбудливи. Спасителот живее. Ти ја слушна веста, но можеби не ти значи ништо. Ќе Го прифатиш ли Него како твој Спасител, Еднствениот Кој плати за сите твои гревови? Тој ти е потребен, инаку ќе мора сам да ја платиш цената за твојот грев. Прими Го уште денес. Кажи му дека ти не сакаш да бидеш вечно казнет за твојот грев. Благодари Му што Тој го плати твојот долг за гревот, и замоли

го да биде твој Спасител. Тогаш ќе знаеш дека Тој жив Спасител е и твој Спасител.

**Прашања за повторување**

1. Каква лага кажаа војниците за случката на гробот?
*(Рекоа дека заспале и дека Исусовите ученици дошле и го украле Неговото тело од гробот.)*

2. Зошто војниците излажаа?
*(Бидејќи еврејските водачи им ветија голема сума пари ако излажат.)*

3. Што беше особено во Исусовото воскреснато тело?
*(Тој можеше да минува низ ѕидови и затворени врати.)*

4. Што планираа да прават жените на Исусовиот гроб?
*(Да го помажат со мириси Неговото тело.)*

5. Што најдоа тие таму?
*(Каменот беше тргнат. Некои од нив видоа ангел.)*

6. Каков доказ ни е Исусовото воскресение?
*(Долгот за гревот е потполно платен.)*

7. Кој прв Го виде Господ Исус по Неговото воскреснување од мртвите?
*(Марија Магдалена.)*

8. Што видоа Јован и Петар кога дојдоа на гробот?
*(Платното со кое беше замотано телото лежеше на местото, но телото го немаше.)*

9. Каде се сретна Господ Исус со учениците?
*(Дојде во собата каде што беа учениците собрани зад добро затворени врати.)*

10. Што направи Тој за да докаже дека е вистински?
*(а.Им ги покажа раните на нозете и рацете.*
*б. Им кажа да Го допрат.*
*в. Јадеше риба.)*

11. На денот на Христовото доаѓање, што ќе добие секој вистински христијанин?
*(Воскреснато тело.)*

12. Колку долго ќе остане Господ Исус жив?
*(Вечно.)*

**24 Лекција**



## Вознесувањето

**Библиски текст:** Матеј 26:32; 28:7, 10, 16-19; Јован 20:24-29, 21:1-17; Дела ап. 1:3-11; 1 Кор.15:4-7

**Централна вистина:** Исус Христос е Господ.

**Примена:** *за неспасени деца:* кога ќе поверуваш во Него како во твој Спасител, Тој ќе стане Господар на твојот живот. *за спасени деца:* биди Му верен, особено на Неговата заповед да им кажеш на другите за Него.

**Почеток:** случката со Еми.

**Развој на настаните:**

1. Тома не Го виде Господ
2. Учениците му кажуваат
3. Тома не верува
4. Господ Исус доаѓа
5. Тома виде и поверува - ЦВН
6. Господ Исус се појавува во Галилеја
7. "Сета власт Ми е дадена Мене"- ЦВС
8. Господ им зборува на учениците на Маслинската Гора - ЦВС

**Кулминација:**

9. Тој оди нагоре во небото - ЦВС

**Заклучок:**

10. Ангелите велат: "Тој повторно ќе се врати"- ЦВС/ЦВН

**Стих за напамет:** "*Па затоа и Бог високо Го издигна и Му даде Име, што е над секое име" (Филипјаните 2:9).*

**Учество на учениците:** имајте неколку детски трактати при рака кои што децата можат да ги земат и да ги употребат по поучувањето на лекцијата.

Дали сте пропуштиле нешто важно, бидејќи не сте биле таму?

Мајката на Еми ѝ рече: "Веднаш по училиштето дојди си дома." Но Еми не обрна внимание на тоа. Таа помина многу време играјќи си со Ана. Застана да ги види кученцата на Кате и пристигна дома речиси еден час подоцна.

"Еми, ти реков да си дојдеш право дома. Не ти реков зошто, бидејќи сакав да те изненадам"- ѝ рече мајка ѝ. "Александра со родителите беше овде, но мораа да си заминат пред да дојдеш ти."

Александра беше најдобрата другарка на Еми, која живееше до нив. Но семејството на Александра минатата година се пресели и оттогаш Еми ја немаше видено нејзе. Еми беше разочарана и засрамена; посакуваше да беше дома.

**Сцена 1** *(поставете ги фигурите на учениците 4С-262, Тома, 4С-263)*

Тома беше еден од учениците на Господ Исус, но тој не беше со другите кога Господ Исус дојде по Неговото воскреснување од мртвите.

"Тома, ние Го видовме жив."

"Тома, ти пропушти да Го видиш, за жал." "Тој изгледаше исто, но на еден поинаков начин." "Влезе во собата без да ја отвори вратата и ни ги покажа раните од клинците на нозете и рацете."

Тие беа толку возбудени и имаа што да кажат. Но Тома не можеше да биде многу среќен или возбуден. Тој не поверува дека тоа може да се случи.

"Сè додека не го ставам прстот во раните од клинците на рацете и нозете, и сè додека не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам"- рече Тома. Господ се грижеше за Неговиот ученик кој беше сомничав.

**Сцена 2**

Една недела подоцна, кога учениците повторно беа заедно и Тома беше таму. Вратите на собата беа добро затворени. Одеднаш, без да се отвори врата, Исус беше помеѓу нив. Јас мислам дека Тој дојде специјално за Тома. "Мир вам"- рече Тој.

*(Поставете го Исус, 4С-260 на лево од Тома)*

Господ Исус му ги покажа на Тома раната што копјето ја направи во Неговите ребра и раните од клинците во рацете Негови. "Стави го прстот свој овде и види ги рацете Мои; дај ја раката своја и стави ја во ребрата Мои; и не биди неверлив, туку верувај."

Точно во тој момент Тома поверува. "Господ мој и Бог мој"- извика тој. Сега сигурно знаеше дека Неговиот учител воскресна од мртвите. Тој имаше сила дури и над смртта. Да, Исус, Синот Божји покажа дека е посилен од војниците, Сатаната, дури и од смртта. Тој е Господ над сè - над најсилните луѓе и најјаките сили. Кога ќе поверуваш во Него како во твој Спасител, Тој станува господар на твојот живот. Тоа значи дека ќе се грижи за тебе. Можеби си размислувал да Му веруваш Нему за да ти го прости твојот грев. Ти знаеш дека мора да Му веруваш. Подготвен ли си да му го предадеш твојот живот под Негова контрола? Тоа значи да Го слушаш и да живееш за да го задоволиш Него. Кога другите во класот лажат, препишуваат на тестови, ти прави го она што му е угодно на Господа. Подготвен ли си да Го примиш воскреснатиот Господ Исус како твој Господ? Тома Го нарече "Господ мој и Бог мој." Тој сигурно знаеше дека Исус беше Господ - Бог Син.

**Сцена 3** *(поставете ја толпата, фигурите 4С-216,217, 220-222, 235, и Исус 4С-215)*

Еден ден петстотини од оние што веруваа беа собрани на едно место заедно со единаесетте ученици. Наеднаш Господ Исус се појави меѓу нив. Имаше нешто многу важно да им каже:"Ми се даде секаква власт на небото и на земјата."

Колку големо нешто! Тој рече дека има власт над секоја личност и предмет на небото и земјата. Можеби сте слушале за вештерки кои имаат моќ. Но Господ Исус е помоќен. Помислете на некој од најголемите кралеви и водачи. Господ Исус е многу, многу над нив. Вие деца, кои сте христијани, Тој е вашиот Господ! Но тој сè уште не беше завршил со говорењето: "Одете и научете ги сите народи" - им заповеда Тој. Што? Можеа ли да ја кажат добрата вест на целиот свет? Да, бидејќи Тој кажа: "Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот." Тој, најголемиот, најсилниот Господ ќе биде со нив. Колку прекрасно. Знаеш, ако си христијанин, Господ Исус исто така ти заповеда да им кажуваш на другите за Него. Тоа е тешко, но твојот Господ е тука да ти помогне да ја извршиш таа заповед.

Учениците беа многу радосни да слушнат дека Тој ќе биде со нив секогаш, иако тие не можат да Го видат. Како и да е, по три години заедно со Него, беше тешко да се навикнат да не Го гледаат цело време.Понекогаш Тој беше меѓу нив, потоа исчезна, и тоа се повторуваше четириесет дена.

"Ти поверува оти ме виде. Блажени се оние кои не виделе, а поверувале - рече Господ.

Господ Исус зборуваше и за секој еден тука во нашиот клуб кој Го знае Него како Спасител и Господ. Ако си поверувал во Господ Исус, Тој вели дека ти си "среќен". "Зошто ние можеме да бидеме среќни?" *(Дозволете им на децата да ви дадат неколку причини)* Ние сме исто така среќни бидејќи Господ Исус е наш Господ и дека Тој нè раководи.

Не е секогаш лесно да се живее и да се задоволи Бог, но тоа е најдобриот начин да се живее. Можеби ти навистина сакаш да поверуваш во Него, но не знаеш како. Можеш да зборуваш со мене кога другите ќе си заминат *(назначете место)*. Јас ќе се радувам да ти покажам од Библијата како Тој жив Господ Исус може да биде твој Спасител и Господ.

*(Отстранете ги фигурите)*

Сигурен сум дека учениците ја кажаа Добрата Вест за воскреснатиот Господ.

Жените им ја пренесоа веста од ангелот, дека Тој ќе се сретне со нив во Галилеја. Ние не сме сигурни како тие знаеја каде да се сретнат со Него - но тие знаеја.

Потребни беа четири до пет дена одење од Ерусалим до Галилеја. *(Учителе, покажете им на децата на карта колку се оддалечени Галилеја и Ерусалим)* Во тој крај тие беа добро познати. За луѓето од Галилеја веројатно беше чудно што тие беа таму без нивниот Учител. Сигурно ги прашуваа безброј прашања. Учениците ја ширеа веста за Неговата смрт и воскресение. Одвај чекаа да Го видат на ова место, во кое поминаа многу време заедно пред Неговата смрт.

**Сцена 4** *(поставете ги фигурите 4С-265 и 266, учениците и 4С-260, Исус)*

Учениците повторно се вратија во Ерусалим и Исус беше со нив. Тие беа на Маслинската Гора која беше покрај градот. "Не одалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот, за кое сте слушале од Мене!"

Тие се сетија дека претходно, пред Тој да умре, Господ Исус рече: "Јас ќе си одам, но Мојот Татко нема да ве остави сами. Тој ќе Го прати Светиот Дух кој ќе живее во вас." Сега Господ Исус ги потсети на тоа ветување. " Нема да биде долго пред да се исполни."

Учениците сè уште имаа многу прашања. Зарем Исус не беше цар на Евреите? Зарем Тој самиот не го рече тоа? Кога Тој ќе стане Цар? Па затоа и Го прашаа: "Во ова време ли го востановуваш Господи царството Израилево?"

"Не е ваше да ги знаете времињата или годините, што Отецот ги задржал во своја власт."

Господ Исус продолжи да зборува за Светиот Дух: "Но ќе примите сила, кога врз вас ќе слезе Светиот Дух и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и дури до крајот на земјата."

Така значи Тој ќе биде секогаш со нив - преку Духот Свети. Ние не можеме да Го видиме Него, но Тој е со вас и во вас , ако го сакате Господ Исус. Преку Духот Свети, Господ ќе ви помогне да сте им послушни на Неговите заповеди и да им кажете на други за Него. Имам мали трактати кои го објаснуваат Евангелието. Ако Го сакате Господ Исус, ќе сакате ли да дадете од нив на некој, за да слушне за Евангелието? Ако земете едно, брзо размислете кому ќе го дадете? Има ли некој на кого мислите?

Кога ќе го дадете? Во вторник на одморот, или во сабота на базенот, или кога? Што ќе речете? "Многу ми значи тоа што станав христијанин, Би сакал ли да го прочиташ ова?" Размисли за ова. Моли се давајќи ги трактатите за твојот Господ, Кој е семоќен и Кој е со тебе. Тој ќе ти помогне да го сториш тоа, токму така како што им помогна и на учениците.

**Сцена 5** *(отстранете ја фигурата 4С-260, поставете го Исус како се вознесува 4С-267)*

Додека Господ им зборуваше, тие гледаа во Него, внимателно слушајќи Го. Кога престана да зборува, Неговите стапала се одвоија од земјата и почна да се дига нагоре. Учениците зинаа.

*(Поставете облак, поместувајќи го да ја покрие сликата на Христос)*

Потоа тие видоа облак кој доаѓаше од небото. Додека облакот слегуваше, Господ Исус се дигна нагоре и Тој исчезна во облакот и Го снема. Учениците сè уште зјапаа и гледаа нагоре.

*(Отстранете го облакот и фигурата на Христос)*

Господ Исус се врати назад во небото. Библијата ни вели дека "*Тој седи од десно на Бог*" *(Евреите 1:3)*. Се разбира дека Бог нема ни десна ниту лева рака, бидејќи Тој е Дух. Тоа значи дека отиде да биде со Неговиот Татко и да биде на небесниот трон. Тој е Господар над целата земја и сите луѓе во неа. Тој е Господар над ѕвездите. Тој е господар над ангелите. Вие деца кои сте христијани, не заборавајте никогаш Кој е вашиот Спасител. Бидете Му послушни

како на ваш Господ. Тој ќе ти помогне да ги извршиш Неговите заповеди и самиот ќе се увериш дека Тој ја има сета власт. Денес се задржавме на заповедта што ја даде Исус- да им кажеме на сите за Него. И учениците ја послушаа таа заповед. Но во овој момент само гледаа кон небото.

**Сцена 6** *(поставете ги луѓето во бело 4C-268 и 269)*

Наеднаш се појавија двајца луѓе облечени во бело. *(Тие мора да беа ангели.)* Им рекоа на учениците: "Луѓе галилејци, што стоите и гледате кон небото? Овој Исус, кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што го видовте да оди на небото."

Ќе се врати? Да, ќе се врати. Мнозина не веруваат дека Тој е Господ. Но на тој голем ден кога Тој ќе се врати во светот, секој што било кога живеел ќе види дека Исус Христос е Господ. Ќе биде прекрасен ден за тебе, ако Тој е веќе твој Спасител и цар. Но тажен и страшен ден ќе биде за тебе ако Тој не е твој Спасител и Господ. Ќе биде предоцна да поверуваш во Него. Нема ли да дојдеш кај Него денес, да поверуваш во Него како во единствен Кој може да го земе твојот грев и да Го прифатиш како Господар на твојот живот? Кажи му сега: "Господе Исусе, Ти си Господ и Спасител. Те молам земи го мојот грев и води го мојот живот од денес па натаму."

### Прашања за повторување

1. Кој од учениците не беше таму кога Господ Исус се сретна со другите? *(Тома.)*

2. Кога Господ Исус го сретна Тома, што му рече Тој да направи? *(Да ги допре раните Негови.)*

3. Што кажа Тома? *("Господ мој и Бог мој.")*

4. Дополни го зборот кој недостасува: "Ми се даде ___________ власт на небото и на земјата." *(Сета.)*

5. Дополни го зборот кој недостасува: "Кога ќе поверуваш во Исус Христос како во твој Спасител, Тој станува твој________________.. *(Господ.)*

6. Каква специјална задача им даде Исус на Своите ученици? *(Да го кажат Евангелието на целиот свет.)*

7. Како можеа да го направат тоа? *(Бидејќи Тој секогаш ќе биде со нив.)*

8. Од каде Господ Исус замина во небото? *(Од Маслинската Гора.)*

9. Како ги напушти учениците? *(Се подигна нагоре, нагоре и исчезна.)*

10. Што им рекоа ангелите на учениците? *(Ќе се врати повторно на ист начин.)*

11. Зошто денот кога Тој ќе се врати ќе биде прекрасен ден за оние кои Го љубат? *(Сите ќе видат дека Тој е Господ.)*

12. Зошто ќе биде тажно за тие кои не Го љубат? *(Ќе биде предоцна да поверуваат во Него.)*

